Основната дејност на друштвото Ин Тиме МК (БПС) ДОО ( https://intime.mk/ ) е давање на шпедитерски и курирски услуги во меѓународен сообраќај. Друштвото е препознатливо како компанија која на Македонскиот пазар нуди високо квалитетни, софистицирани, логистички услуги и е единствен авторизиран сервис за УПС услуги во Македонија.

За нашата дејност во експрес центар канцелариите, населба Илинден бараме „Лиценциран царински декларант“.

Станете дел од нашиот тим и ќе добиете:

- Редовна исплата на солиден месечен личен доход (почетна нето плата за кандидати кои поседуваат лиценца за овластен царински декларант: 32000,00 ден);
- Склучување на договор за вработување на неопределено време;
- 40 часовна петдневна работна недела (понеделник - петок) - од 08:00 до 16:00 часот;
- Можност за приватно здравствено осигурување;
- Работа во поволна работна средина, патување со нови автомобили;
- Картичка за спорт, која овозможува пристап до фитнес центри, клупски комплекси и студија низ целата земја;

Сакаме да бидете успешни на работното место „Лиценциран царински декларант“ и мислиме дека следните вештини ќе ви помогнат да го направите тоа:

- До 32 години старосна граница;
- Стручна подготовка - ВСС или ССС;
- Поседување на лиценца за царинско застапување - царински декларант;
- Минимум 2 години работно искуство во шпедиција - царински постапки (увоз, извоз, транзит, царински складови, ППЧ, Царински закон, Закон за ДДВ...);
- Добро познавање на царинските процедури за увоз-извоз;
- Поседување на лиценца за положен стручен испит за царински декларант;
- Добри комуникациски вештини и искуство во работа со клиенти;
- Солидно познавање на компјутерско работење;
- Возачка дозвола Б категорија;
- Задоволително познавање на англиски јазик и/или други јазици.

Се смета за предност:

- Напредно познавање на Англиски јазик (вербална и пишана комуникација) и друг јазик или јазици;
- Солидно познавање на царинските закони, прописи и процедури;
- Искуство со распоредување на стока според меѓународна царинска номенклатура;
- Познавање и делумно искуство на логистика во транспорт, SCS (Supply Chain Solutions).

Опис на работа:

- Изготвување на царински декларации во царинските системи SOCDAD и NCTS, преку користење на клиентски софтвер;
- Комуникација и соработка со царинските служби и клиенти.

Ве молиме да ни доставите кратка информација за вас и вашиот интерес за работното место „Лиценциран царински декларант”, на **konkurs@intime.mk** а ние ќе ве контактираме со натамошни информации.
За дополнителни информации контактирајте не на +38970960404.
За ваша удобност постои и можност за интервју преку интернет сервисот zoom.